Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 02.07.2022

Во периодот од 19.50 часот на 01.07. до 03.00 часот на 02.07.2022 за време на одржување на музичка манифестација во Стар Дојран, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица извршиле контрола и ги лишиле од слобода М.Ж.(26), Ф.П.(25), Ж.Н.(26), К.Ј.(28), Ј.Р.(21), Д.Т.(22) и Ф.П.(34), сите од Скопје, И.Г. (25) од с.Кадино, општина Илинден, А.С.(26) и Б.Б.(26) од Кавадарци, А.П.(26) и З.Т. (46) од Неготино, А.У.(23) и Ј.У.(30) од Нов Дојран, Ј.С.(19) од Тетово, С.И.(22) од село Иљево, радовишко, Р.Ј.(43) од Богданци и М.К.Е.(64) од Јамајка. При преглед кај лицата биле пронајдени и одземени марихуана, кокаин и екстази. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 01.07.2022 полициски службеници од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал- Единица за сериозен криминал и кривични дела против културното наследство, по претходно добиени сознанија дека кај Б.Б. (39) од с. Висока маала, општина Василево, има археолошки предмети кои се предмет на кривично дело по чл. 265 од КЗ „присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости", во координација со полициски службеници од СВР Струмица извршиле преглед на патничко возило „опел вектра" со стручники регистерски таблички, кое го управувал Б.Б.. Притоа се пронајдени 276 монети, три врвови од копје, 10 прстени, како и други предмети кои претставуваат добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости. Б.Б. е лишен од слобода и по документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 02.07.2022 во 03.00 часот на бул.„Гоце Делчев" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Е.Е.(38), А.М. (43) и С.Ц.(41), сите од Скопје, затоа што при преглед кај нив, кај Е.Е. била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.07.2022 во 03.40 часот на бул.„Зане Сандански" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.А.(37) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2022 во 13.05 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово лишиле од слобода тројца малолетници (двајца од Тетово и еден од Косово) затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (01.07.2022) во периодот од 14.00 до 20.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола за санкционирање на возила кои непропису престигнуваат на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 162 возачи. Од нив, 61 на територијата на СВР Тетово, 27 на територија на СВР Охрид, 21 возач непропису престигнувал на територијата на СВР Куманово...

На 01.07.2022 во периодот од 14.00 до 20.00 часот полициски службеници од СВР Битола спроведоа зајакната акциска контрола за санкционирање на возила кои непропису престигнуваат на територијата на СВР Битола, при што санкционирани се 15 возачи.

На 01.07.2022 во периодот од 14.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Охрид спроведени се засилени акциски сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнаа и санкционираа 27 возачи на моторни возила кои извршиле престигнување на недозволени и непрегледни места (Охрид-10, Струга-9, Кичево-5, Дебар-3).

На 01.07.2022 во 10.45 часот во СВР Струмица било пријавено дека на ул.„Климент Охридски" во Струмица се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „лежо партнер" со стручники регистарски ознаки, управувано од Е.Ј.(23) од Струмица и мотоцикл „бмв", управуван од П.Р.(26) од Струмица. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобила П.Р., констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 01.07.2022 во 16.00 часот во Полициската станица Радовиш било пријавено дека на ул.„Кеј 8-ми Септември" во Радовиш, И.П.(45) од Радовиш, управувајќи мотоцикл „ханачи" со радовишки регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Здравствен дом Радовиш. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Радовиш.

На 01.07.2022 во 13.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.Т.(49) од Скопје пријавила дека во кругот на фабриката Железара била касната од куче, кое било без сопственик. По расчистување на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.07.2022 во 19.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.М.(59) од Скопје пријавил дека во с.Трубарево, скопско, бил каснат од куче скитник.

На 01.07.2022 во 14.15 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Е.С.(31) од Скопје пријавил дека на ул.„Вашингтонска" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 01.07.2022 во 10.30 часот во с.Горна Бањица, гостиварско, полициски службеници на СВР Тетово – Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле Д.Ш.(49) од с.Горна Бањица. За него била издадена судска наредба, со која се барал за издржување на затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 01.07.2022 во 11.30 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово – Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле М.Н.(45) од Гостивар. За него била издадена судска наредба, со која се барал за издржување на затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 01.07.2022 во 15.00 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово – Одделение за внатрешни работи Гостивар ја привеле М.Н.Т.(36) од Гостивар. За неа била издадена судска наредба, со која се барала за издржување на затворска казна. Таа била спроведена во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

Денеска (02.07.2022) во периодот од 01.00 до 03.00 часот, полициски службеници од СВР Штип во соработка со Државниот пазарен инспекторат на подрачјето на ОВР Берово спроведоа контрола на угостителски објекти. При контрола во угостителски објект во Берово биле затекнати три малолетни лица после 24.00 часот, додека два угостителски објекти не го почитувале работното време. Од слобода бил лишен П.К.(25) од Берово поради сомнение за сторено кривично дело „точење алкохол на малолетни лица" по член.204 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајте ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 01.07.2022 во 15.45 часот во реонот на с.Богородица, гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Богородица пронашле четири лица мигранти(без документи за идентификација), по нивно кажување од Сирија, од кои едно женско лице било починато. Лекар од Итна медицинска помош Гевгелија констатирал смрт кај лицето. По исказ на лицата почината е Т.А.С.(44), а останатите три се А.С.(21), Ј.Ј.(28) и Ј.М.(27). По наредба на Јавен обвинител, телото на починатата било дадено на обдукција, а останатите три лица биле сместени во Транзитен центар „Виној" во Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2022 во 16.00 часот, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе, врз основа на судска наредба, извршиле претрес во домот на Б.К.(52) од општина Лозово. При претресот биле пронајдени и одземени три пневматски пушки калибар 4,5 мм од различно производство. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.07.2022 во 06.20 часот на ул.„Доне Божинов" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Ш.А.(35) од Куманово затоа што околу 05.00 часот во казино на ул.„Доне Божинов" физички нападнал вработен како обезбедување во казиното. По документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.07.2022 во 00.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода К.И.(22) од Куманово затоа што во 23.56 часот во спортска обложувалница на ул.„Горче Петров" физички нападнал малолетник од Куманово и оштетил дел од инвентарот. По документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.06.2022 во СВР Битола било пријавено дека околу 09.00 часот во Центарот за јавно здравје Битола, вработената М.П.(51) од Битола се здобила со повреди додека извршувала работни задачи. Таа била пренесена во Клиничка болница Битола за укажување лекарска помош. Увид бил извршен и за настанот бил известен трудов инспектор.

На 02.07.2022 во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода К.О.М.(23) од Штип и С.К.(23) со живеалиште во Германија затоа што во 23.40 часот во угостителски објект на бул.„Партизански одреди" физички го нападнале сопственикот И.С.(47) од Скопје и оштетиле дел од инвентарот. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.07.2022 во 00.40 часот во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид ги лишиле од слобода Т.Т.(20), Х.Ј.(22) и К.Б.(20), сите од Охрид, затоа што претходно на кеј „Македонија" го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. При преземање на службени дејствија со цел расчистување на нарушувањето, полициските службеници биле спречувани од О.М.(23) од Охрид поради што и тој бил лишен од слобода. По целосно документирање на случајот, СВР Охрид ќе поднесе соодветна пријава.

На 02.07.2022 во 03.10 часот во СВР Скопје, 36-годишна жена од Скопје пријавила дека околу 02.00 часот, додека биле во патничко возило, била физички нападната од поранешниот сопруг И.Г. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2022 во 12.30 часот во Полициското одделение Ропотово – СВР Битола, Г.Г.(48) од Прилеп пријавил дека во 07.00 часот во с.Заполжани, општина Долени, неговиот дедо К.Д.(77) од с.Заполжани, по претходно недоразбирање, бил нападнат со тврд предмет од Љ.С.(66) од истото село. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.07.2022 во 03.55 часот во СВР Битола, Н.М.(48) од Битола пријавил дека околу 02.15 часот пред влез на угостителски објект на Новачки пат бил физички нападнат од Т.Т. од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2022 во 12.30 часот во СВР Скопје, Р.Р.(26) од с.Копаница, општина Сарај, пријавил дека во с.Сарај, по претходна расправија, бил физички нападнат од В.Љ.(57) од с.Грчец, општина Сарај и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2022 во 18.15 часот во СВР Скопје, А.Е.(22) од Скопје пријавил дека околу 12.00 часот на ул.„Зендел Џемал", поради претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Б.Н., кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2022 во 19.20 часот во Полициската станица Гостивар, Р.Р.(26) од Гостивар пријавил дека околу 15.30 часот на ул„Панче Попоски" бил физички нападнат од С.Н. од Гостивар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2022 во 22.30 часот во с.Рогле, општина Желино, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Н.А.(68) и С.А.(30), двајцата од с.Рогле, затоа што претходно физички и со тврд предмет го нападнале нивниот роднина Ќ.А.(41) од с.Рогле. По документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.07.2022 во 23.20 часот во Полициската станица Гостивар, Д.Б.(67) од Гостивар пријавил дека околу 19.35 часот во с.Беловиште, гостиварско, бил физички нападнат од Б.Б., И.Б. и Ј.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2022 во 13.15 часот во Полициската станица Струмица, 52-годишен жител на Радовиш пријавил дека С.И. од Струмица извршил одљуба врз неговата внука. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.07.2022 во 01.25 часот во СВР Скопје, Т.Г.(25) од Скопје пријавила дека на 01.07.2022 околу 22.00 часот две лица со употреба на физичка сила и закана со пиштол се обиделе да одземат предмети од нејзиниот стан, но не успеале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2022 во 12.15 часот во Полициската станица Прилеп, Р.М.(41) од с.Канатларци, прилепско, пријавил дека од домот се оддалечила неговата сопруга Ш.М.(28). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 01.07.2022 во 10.30 часот во Полициската станица Чаир, Д.С.(18) од Скопје пријавил дека на ул.„Скоевска" бил каснат од куче скитник.

На 01.07.2022 во 13.40 часот во Полициската станица Чаир, С.В.(19) од Радишани, скопско, пријавила дека во Радишани била касната од куче скитник.